INTERNATIONAL MONETARY FUND
EXTERNAL RELATIONS DEPARTMENT

Изјава за печат Бр. 07/269
ЗА ИТНА ОБЈАВА
19 ноември, 2007

Меѓународен Монетарен Фонд
Вашингтон, 20431 САД

**Изјава по завршувањето на Мисијата на ММФ во Македонија**

Мисијата на ММФ престојуваше во Скопје од 7 до 16 ноември 2007 година со цел да ги продолжи разговорите за третиот преглед според Стенд-бај аранжманот. Програмата предвидува два прегледа годишно, од коишто последниот беше успешно комплетиран на 27 април оваа година.

Економските остварувања се силни. Заклучно со месец септември, сите главни макроекономски таргети од програмата беа исполнети. Фискалната позиција продолжува да јакне, девизните резерви се зголемуваат и каматните стапки на Народната банка остануваат ниски. Растежот оваа година и наредната би требало да достигне 5 проценти. И покрај повисоките цени на прехранбените производи, просечната инфлација би требало да остане ниска, на околу 2 проценти годинава и 3 проценти во 2008 година.

Владиниот буџет за 2008 година, поднесен на парламентот на 13 ноември ќе ја заштити макроекономската стабилност. И покрај амбициозните планови за намалување на персоналниот и корпоративниот данок на доход, селективни намалувања на ДДВ-то, зголемување на пензиите, јавните инвестиции во патиштата и образованието, како и за зголемување на платите во јавниот сектор, буџетот би требало да достигне таргет на дефицитот од 1,5 проценти од БДП, суштинско за макроекономската стабилност.

Исто така се имплементираат многу структурни реформи. Владата и Народната банка нивниот ревидиран Закон за Народна банка го доставија за проверка до Европската централна банка и до Европската комисија, со цел да биде во согласност со регулативата на Европската Унија. Новиот закон ја зајакнува финансиската стабилност на НБРМ и ја потврдува владината определба за зачувување на независноста на НБРМ.

Даноците за работната сила се исто така намалени. Од јануари 2008 година придонесите за здравствено осигурување на работниците со скратено работно време значително ќе се намалат бидејќи ќе се пресметуваат врз основа на одработени работни часови (наместо според претпоставено полно работно време). Мисијата ја охрабрува владата да го преземе следниот чекор - поврзувањето на придонесите за пензиско, здравствено и осигурување за вработување за вработените со ниски плати со платата што тие навистина ја заработуваат, а не со просечната плата во стопанството - и тоа многу скоро. Овие реформи ќе ги поттикнат фирмите и работниците да се регистрираат во формалната економија. Тоа исто така може да доведе и до значително намалување на невработеноста.

Исто така беа разгледувани и финансиските проблеми во енергетскиот сектор. Започнувајќи од јануари, големите потрошувачи на електрична енергија ќе ги задоволуваат своите потреби според пазарни цени. Со ова ќе се отстрани потребата за субвенционирање на МЕПСО, компанијата за пренос на електрична енергија, од страна на буџетот. Ние ги охрабруваме

властите, тесно соработувајќи со Светската банка, да го финализираат нивниот сеопфатен акционен план за подобрување на финансиите во енергетскиот сектор.

Во врска со овој добар напредок, ние постигнавме разбирање за безмалку сите елементи од следното Писмо за намери. Очекуваме тоа да може да се потпише во следните неколку недели, а состанокот на Извршниот одбор на ММФ за комплетирање на прегледот може да се одржи во јануари 2008 година.

На крајот, мисијата повторно би сакала да им се заблагодари на македонските власти за нивната соработка и огромна гостопримливост.